**Врз основа на член 9-д став (1) алинеја 11 од Законот за воздухопловство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16, 64/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 220/19), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство ја донесе следната**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Агенција за цивилно воздухопловство
Agjencia e Aviacionit Civil
Бр.-Nr. 08-1064/2
23-08-2023 год.-viti
Скопје-Shkup

**ОПЕРАТИВНА ДИРЕКТИВА ЗА БЕЗБЕДНОСТ**

| | |
|---|---|
| **Предмет:** | **Некомерцијални операции со воздухоплов без екипаж со максимална маса на полетување помала од 0,5 кг. во македонскиот воздушен простор** |
| **ОДБ број:** | **2023-001-OPS** |
| **Издадена:** | **23.08.2023** |
| **Ефективна од:** | **24.08.2023** |
| **Ревизија:** | **00** |

- **Цел на оперативната директива**

Целта на оваа оперативна директива е да се регулираат некомерцијални операции со воздухоплов без екипаж, чија што максимална маса на полетување е помала од 0,5 кг. во македонскиот воздушен простор.

- **Причина за издавање на оперативната директива**

Оваа оперативна директива се издава од причина што Уредбата за условите под кои воздухоплов без екипаж може да лета во македонскиот воздушен простор ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 187/2017 и 152/2018), не се применува на воздухоплови без екипаж од класа 1, односно на воздухоплови без екипаж чија што максимална маса на полетување е помала од 0,5 кг. или чија што максимална брзина е помала од 19 м/с. Имајќи во предвид дека со изземањето на оваа класа воздухоплови без екипаж, во која што спаѓаат најголемиот дел од воздухопловите без екипаж за рекреативна употреба, а кои што најчесто се достапни на слободниот пазар во форма на средства за забава и рекреација со вградена камера за снимање, се појави потреба од воспоставување на правила за безбедна употреба на воздухоплови без екипаж од наведената класа.

- **Применливост**

Одредбите од оваа оперативна директива ќе се применуваат на некомерцијални операции со воздухоплов без екипаж со максимална тежина на полетување помала од 0,5 кг., или со максимална брзина помала од 19 м/с и ќе бидат обврзувачки за странски и домашни физички лица кои ќе бидат во улога на пилоти на воздухоплов без екипаж.

- **Дефиниции**

За потребите на оваа оперативна директива, одредени поими и изрази го имаат следното значење:

1. Воздухоплов без екипаж (UAS – Unmanned Aircraft System) е воздухоплов наменет за изведување на операции без екипаж, кој е управуван далечински.
2. Пилот на воздухоплов без екипаж е лице кое го програмира системот, управува со системот на воздухопловот без екипаж има директна контрола над воздухопловот без екипаж додека истиот е во видното поле на лицето и надвор од него и е одговорен за неговиот лет. Во случај кога за оперирање со воздухоплов без екипаж покрај пилотот е потребно ангажирање и на други лица, одговорен за летот е лицето (пилотот) кој што оперира со командите за управување на летот,
3. Визуелна линија на видно поле *(VLOS)* е директен визуелен контакт на пилотот на воздухоплов без екипаж со воздухопловот, без користење на надворешни оптички или електронски помагала, при што средствата за корекција на вид (наочари или контактни леќи) не се сметаат за надворешни помагала,
4. Максимална маса на полетување е максималната тежина на воздухопловот без екипаж вклучувајќи ги сите системи, уреди и предмети кои се инсталирани на истиот (оперативна маса) и товарот кој што може да го подигне.

- **Потребна активност и време на придржување**

I. Физички лица, кои планираат некомерцијално да оперираат со воздухоплови без екипаж со максимална тежина на полетување помала од 0,5 кг. во македонскиот воздушен простор треба да ги исполнуваат следните услови:

1) UAS секогаш да биде во визуелна линија на видливост (VLOS);
2) UAS може да биде управуван само дење;
3) максималната оперативна висина да не биде поголема од 100 м. од теренот;
4) со UAS да не се надлетуваат луѓе;
5) со UAS да не се лета кон луѓе, животни или собири на луѓе;
6) со UAS да не се лета во зона на аеродром без одобрение од надлежната контрола на летање и аеродромскиот оператор;
7) со UAS да не се лета во радиус помал од 3 км. од државната гранична зона;
8) со UAS директно да не прелетува или лета на растојание помалку од 100 м. од објекти од значење за безбедноста и објекти на државните органи, како што се:
   - објектите на Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија;
   - објектите на Министерството за внатрешни работи;
   - Владата на Република Северна Македонија;
   - Собранието на Република Северна Македонија;
   - резиденцијата на Претседателот на државата;
   - дипломатски претставништва;
   - електрани, електрични високонапонски постројки, постројки за складирање и прочистување на вода, казнено-поправни установи и слично;

9) да не се управува со повеќе UAS во исто време;
10) да не се управува со UAS од возило во движење и
11) доколку малолетно лице управува со UAS истото да биде под надзор на полнолетно лице.

II. Пилотот на UAS треба:

1) да гарантира дека состојбата на UAS ќе овозможи планираниот лет да се изврши безбедно и управувањето со UAS да е во согласност со прирачникот на производителот и со следење на неговите пропишани процедури;
2) да ги собира најновите податоци за сите географски области и да постапува во согласност со нив;
3) да не ги извршува своите должности под влијание на психотропни супстанции или алкохол;
4) да одржува визуелен контакт со UAS и да го набљудува воздушниот простор околу него за да избегне било каков ризик од судир со воздухоплови со екипаж. Ги прекинува операциите доколку стануваат ризични за другите воздухоплови, луѓе, животни, животната средина или имотот на трети лица;
5) да се осигура дека лицата вклучени во областа на оперирање се свесни за можните ризици и изрично се согласиле до присуствуваат;
6) Секоја штета што може да ја предизвика на трети лица со неговото UAS да ја надомести согласно позитивните законски прописи.

Сите конкретни податоци и информации за географските области, во кои УАС може да лета, пилотот на УАС треба да ги користи од интерактивна карта на АЦВ за UAS и интерактивна веб-страница на АЦВ: https://www.caa.gov.mk/en/20706-2/,.

Оваа оперативна директива ќе се применува до транспонирањето на ЕУ Регулативите 945/2019 и 947/2019 во македонскиот воздухопловен правен систем.

- **Забелешки**

1. Странските физички лица, интерактивната карта на АЦВ за UAS, можат да ја користат само за информативни цели, а не можат да пријават летање, бидејќи таа функција е достапна само за регистрираните UAS во MKDCAA.

2. Прашањата во врска со оваа оперативна директива треба да се доставуваат до Агенцијата за цивилно воздухопловство на следната адреса: info@caa.gov.mk

**Директор на АЦВ**
**д-р Томислав Тунтев**